ПРОЦЕНА НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

ВОВЕД И МЕТОД НА РАБОТА НА ИНДЕКС НА ОТВОРЕНОСТ

За да се измери почитувањето на принципите на отвореност од страна на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во Северна Македонија, **Фондацијата „Метаморфозис“** во партнерство со **Рурална коалиција**, подготвија процена на доброто владеење на ЕЛС во Северна Македонија за 2025 година врз основа на сеопфатно емпириско истражување преку Индексот на отвореност. Проценатa е дел од проектот „Дигитална трансформација на локално ниво (ДИГИЛОК) - Вклучена заедница за отпорност на корупција” кој е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Преку **Индексот на отвореност** се прави длабинска анализа на работата на ЕЛС во Северна Македонија, и се дава вкупно резиме на нивните перформанси. **Методологијата** на Индексот на отвореност **гарантира дека резултатите од истражувањето се технички и политички валидни од кои може да се извлечат заклучоци во врска со нивото на добро владеење на локалната самоуправа во земјата.** Индексот ги оценува перформансите на локалната самоуправа во областа на доброто владеење преку четири начела:

(1) **транспарентност** се однесува на политиките, активностите и мерките што ЕЛС ги презема за да ги информира своите граѓани за својата работа,

(2) **свесност** се однесува на квалитетот на планирањето, програмирањето, мониторингот и евалуацијата на политиките што се спроведуваат од страна на локалните власти,

(3) **пристапност** се однесува на начинот на којшто ЕЛС комуницира и ги вклучува граѓаните при одговарањето на нивните барања и задоволувањето на нивните потреби,

(4) **интегритет** се разгледува во функција на конзистентното придржување кон етичките вредности, начелата и нормите што имаат за цел приоретизирање на јавниот интерес во однос на приватниот.

Воедно, низ сите четири начела се анализира еден заеднички домен – **отворени податоци**.

Секој столб на Индексот се состои од поддомени и индикатори мерени според соодветна вредност во рамки на начелата. Дополнително, Индексот содржи и две поткатегории – **општински совети** и **јавни претпријатија**.

Истражувањето беше спроведено од **1 февруари до 30 април 2025 година**.

Примерокот се состои од 81 ЕЛС, односно **80 општини и Градот Скопје**. Методите на истражување беа преку (1) проверка на веб-страниците на ЕЛС според дефинирани

индикатори и (2) прашалник доставен до ЕЛС за да се потврдат наодите добиени од онлајн мониторингот.

Од 80-те мониторирани општини и Градот Скопје, **45 ЕЛС (55,56%) одговориле на прашалникот** што во споредба со последното мониторирање од 2024 год.[1] претставува **зголемување за три ЕЛС.** Важно е да се напомене дека во случаите кога ЕЛС не доставија одговор на прашалникот, беше дадена оцена 0 за индикаторите, односно беше оценето како индикаторите да не биле исполнети.

Дополнително, до сите ЕЛС беа пратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, според кои се проценуваше нивната респонзивност согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од 81 ЕЛС, вкупно **62 ЕЛС (76,54%) одговорија на барањето во законски рок**.

ОТВОРЕНОСТ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во споредба со 2024 година кога локалната самоуправа во просек исполнувала 37% од индикаторите за отвореност, **во 2025 година просекот на отвореност достигна 40% што е пораст за 3% во една година**. Иако се видливи напорите на одредени општини да ја зголемат својата отвореност, овој процент сепак покажува **ниско ниво на отвореност во работењето на локалната власт во Северна Македонија**.

Во 2025 година, наодите од Индексот на отвореност покажаа дека **најотворените ЕЛС се Крива Паланка (71%), Берово (69%), Демир Хисар (68%), Кочани (66%), Битола, Делчево и Карпош (63%), Валандово (62%), Богданци, Велес и Кичево (58%), Гази Баба и Гевгелија (57%), Прилеп (56%), и Василево (55%).** Во однос на 2024 година има поместувања во рангирањето, односно наместо Битола, **најотворена општина е Крива Паланка.**

Најзатворените ЕЛС според наодите од Индексот на отвореност се општините **Демир Капија (8%), Сопиште (10%), Лозово и Студеничани (13%), Кривогаштани и Чучер Сандево (16%), Врапчиште и Росоман (17%) и Шуто Оризари (19%)**.

[1] Процена на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку Индексот на отвореност. Фондација Метаморфозис. Достапно на: https://tinyurl.com/34xxh87n



Инфографик 1. Најотворени ЕЛС според Индекс на отвореност за 2025 година

Инфографик 2. Најзатворени ЕЛС според Индекс на отвореност за 2025 година

Во однос на планските региони, овогодишните наоди покажуваат дека исто како во 2024 година, **ЕЛС во Источниот Регион се најотворени (47,7%)**, додека **најзатворени оваа година се ЕЛС од Полошкиот Регион (32,3%)** за разлика од 2024 година кога тоа се однесуваше на Скопскиот Регион. Иако има напредок во скоро сите плански региони, **најголем напредок од 4,4% се забележува во Источниот Регион. Најмал напредок од 1,9% бележи Полошкиот Регион,** а **уназадување од 3,7% бележи Вардарскиот регион.** Ова уназадување се должи на наглото опаѓање на степенот на отвореност на **Општина Демир Капија** која за време на

мониторирањето но и пишувањето на оваа процена, **немаат функционална веб-страница** што го отежнува пристапот до информации од јавен карактер за работата на општината.



Инфографик 3. Отвореност на планските региони во 2025 година

Од мониторираните 81 ЕЛС, исполнување на **над 50% од индикаторите на Индексот на отвореност** имаат **21 ЕЛС** од кои 11 поголеми и 10 помали ЕЛС со под 30.000 жители согласно последниот Попис . Исполнување на индикаторите на Индексот на отвореност **од 25% до 50%** имаат **44 ЕЛС**, помеѓу кои 11 поголеми и 33 помали. На дното, исполнување на **под 25%** од индикаторите на Индексот на отвореност имаат **16 ЕЛС**, помеѓу кои една поголема ЕЛС и 15 помали ЕЛС со под 30.000 жители.

Овие наоди покажуваат дека степенот на отвореност на локалните самоуправи не е право пропорционален со големината на ЕЛС. Напротив, **посветеноста и иницијативата на поединци од локалната администрација се покажуваат како клучен фактор за унапредување на транспарентноста и отвореноста.**

Табела 1. Ранг-листа на ЕЛС по процент на отвореност според Индексот на отвореност за 2025 година

Ранг	Единица на локална самоуправа	% на отвореност
1	Крива Паланка	71 %
2	Берово	69 %
3	Демир Хисар	68 %
4	Кочани	66 %

5	Битола	63 %
	Делчево	
	Карпош	
6	Валандово	62 %
7	Богданци	58 %
	Велес	
	Кичево	
8	Гази Баба	57 %
	Гевгелија	
9	Прилеп	56 %
10	Василево	55 %
11	Градско	54 %
	Кавадарци	
12	Охрид	53 %
13	Струмица	52 %
14	Аеродром	51 %
	Виница	
15	Кисела Вода	50 %
16	Штип	49 %
17	Новаци	48 %
18	Брвеница	47 %
19	Зрновци	46 %
	Македонски Брод	
20	Илинден	45 %
	Конче	
	Куманово	
21	Дебрца	44 %
	Центар	
22	Ресен	43 %
	Свети Николе	
	Центар Жупа	
23	Кратово	42 %
	Крушево	
	Тетово	
24	Босилово	41 %

	Дебар	
	Пехчево	
25	Пробиштип	40 %
	Радовиш	
ПОД ПРОСЕК		
26	Вевчани	39 %
27	Бутел	37 %
28	Карбинци	36 %
	Неготино	
	Чашка	
29	Чешиново - Облешево	35 %
30	Гостивар	34 %
	Град Скопје	
	Желино	
	Теарце	
31	Маврово и Ростуша	32 %
32	Липково	31 %
	Могила	
	Струга	
33	Дојран	30%
	Ѓорче Петров	
	Јегуновце	
34	Македонска Каменица	29 %
	Сарај	
35	Зелениково	28 %
	Пласница	
36	Ново Село	27 %
37	Долнени	24 %
38	Арачиново	23 %
	Петровец	
39	Старо Нагоричане	22 %
40	Боговиње	21 %
	Ранковце	
41	Чаир	20 %
42	Шуто Оризари	19 %

43	Врапчиште	17 %
	Росоман	
44	Кривогаштани	16 %
	Чучер Сандево	
45	Лозово	13 %
	Студеничани	
46	Сопиште	10 %
47	Демир Капија	8 %

Во споредба со 2024 година кога просекот на отвореност беше 37%, **пет ЕЛС се искачија над просекот** од 2025 година (40%) меѓу кои **Босилово, Кратово, Македонски Брод, Пехчево и Радовиш**, додека **под просекот се симна само една ЕЛС** – **Карбинци**. Во 2024 година, 42 ЕЛС беа под просекот на отвореност, додека годинава таа бројка се намали на 38 ЕЛС.

ДЛАБИНСКА АНАЛИЗА НА ОТВОРЕНОСТА НИЗ НАЧЕЛАТА

Исто како во 2024 година, во 2025 година ЕЛС имаат највисока просечна оценка во областа **транспарентност (49%),** а најниска просечна оцена во областа **свесност (24%)**. Најголем напредок се забележува во областите **транспарентност, свесност** и **интегритет** односно зголемување за по 3%.



Инфографик 4. Отвореност на ЕЛС за 2025 година според начелата на Индекс на отвореност

Иако се забележува напредок од 2%, овој низок резултат во областа свесност (24%) повторно укажува на **слабиот квалитет на планирањето, програмирањето, мониторирањето и**

евалуацијата на политиките што ги спроведуваат ЕЛС. Јавниот интерес треба да биде отсликан во јавните политики, што го прави овој поразителен резултат уште поалармантен.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Три години по ред, ЕЛС исполнуваат **највисока просечна оценка во областа транспарентност (49%)** што е зголемување за 3% во споредба со 2024 година. Овој резултат, иако благо зголемен, сепак покажува декларативно залагање за поголема транспарентност, додека во суштина само дел од ЕЛС ги објавуваат потребните информации поврзани со нивното работење.

Најпосветени на **транспарентноста** годинава се покажаа **Кочани и Крива Паланка (81%),** а најниско беше оценета **Демир Капија (13%)** која за време на мониторирањето немаше функционална веб-страница.



Инфографик 6. Најтранспарентни ЕЛС според Индексот на отвореност во 2025 година

СВЕСНОСТ

Општина Крива Паланка (84%) се покажа како најпосветена на планирањето, програмирањето, мониторирањето и евалуацијата на политиките што ги спроведуваат, заедно со општините **Берово (81%), Делчево (68%), Гевгелија (60%), Кичево и Штип (59%), и Демир Хисар (54%),** кои исполнуваат **над 50%** од индикаторите под оваа област.



Инфографик 7. Најсвесни ЕЛС според Индексот на отвореност во 2025 година

Меѓутоа, дури **18 ЕЛС не објавуваат ниту една информација што се идентификува со оваа област**, помеѓу кои Демир Капија, Дојран, Долнени, Зелениково, Јегуновце, Лозово, Македонска Каменица, Могила, Ново Село, Пласница, Петровец, Росоман, Сарај, Сопиште, Старо Нагоричане, Студеничани, Тетово, и Чучер Сандево, кои автоматски имаат 0% исполнетост на критериумите. Оваа бројка е **за 2 ЕЛС помала од бројката на ЕЛС кои во 2024 година не објавуваа ниту една информација под оваа област.**

ПРИСТАПНОСТ

Во споредба со истражувањето од 2024 година (32%), наодите покажуваат благо подобрување во **пристапноста (34%)** на ЕЛС односно во обезбедувањето **пристап до информации од јавен карактер и ефикасни механизми за граѓанска вклученост, со цел овозможување на граѓаните полесно и суштински да се вклучат во донесувањето одлуки на локално ниво и обликувањето подобар живот во заедницата.**

Најпристапна ЕЛС според овогодишното истражување е **Општина Битола** со **70%** исполнување на индикаторите за пристапност.



Инфографик 8. Најпристапни ЕЛС според Индексот на отвореност во 2025 година

ИНТЕГРИТЕТ

Заедно со начелата на „транспарентност“ и „пристапност“, оваа година ЕЛС бележат напредок во областа **интегритет (38%)**, односно зголемување за 3% во споредба со 2024 година.

Со најголем процент на исполнетост на индикаторите во оваа област се општините **Гази Баба, Кочани** и **Македонски Брод** со **86%**.

Меѓутоа, дури **15 ЕЛС** не објавуваат ниту една информација којашто се идентификува со оваа област, помеѓу кои Арачиново, Демир Капија, Долнени, Зелениково, Јегуновце, Кривогаштани, Липково, Лозово, Ранковце, Росоман, Петровец, Студеничани, Сопиште, Чаир и Чучер Сандево, кои автоматски имаат 0% исполнетост на критериумите. Оваа бројка е иста како бројката на ЕЛС кои во 2024 година не објавуваа ниту една информација под оваа област.



Инфографик 9. ЕЛС со најголем интегритет според Индексот на отвореност во 2025 година

ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ

Преку хоризонталната област **отворени податоци**, Индексот ги анализира практиките на ЕЛС за отвореноста на податоците што ги објавуваат, односно навиките на ЕЛС за објавување информации во отворен формат што се лесно обработливи од техничка гледна точка. Овогодишното истражување покажа дека ЕЛС исполнуваат **18%** од индикаторите опфатени во областа отворени податоци, што гледано неколку години наназад означува **бавен напредок.**

Инфографик 10. Историјат на објавување отворени податоци од страна на ЕЛС според Индексот на отвореност

И покрај овие ниски резултати, постојат неколку добри примери на ЕЛС што се активно посветени на подготовка и објавување отворени податоци. Во оваа област **најдобри резултати имаат Демир Хисар (38%) и Карпош (37%)**, додека **најниско рангирани** се **Демир Капија, Лозово и Сопиште (4%).**



Инфографик 11. Најпосветени ЕЛС на објавување отворени податоци



Инфографик 12. ЕЛС со најниска посветеност на објавување отворени податоци

Нашите наоди покажуваат дека локалните самоуправи слабо вложуваат во градењето капацитети на своите вработени, и тоа само на одредени теми. Во последната година вработените од дури **69 ЕЛС не биле дел од обуки за пристап до информации од јавен карактер**, и дури **75 ЕЛС не учествувале на обуки за отворени податоци**. Додека локалната администрација се соочува со недостаток на можности за надградба на нивните капацитети за отворени податоци, Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер укажува на тоа дека има многу слаб одзив од институциите за учество на обуки за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Дополнително, само **29 ЕЛС пријавиле дека имаат именувано Офицер за отворени податоци,** додека **22 ЕЛС одговориле дека имаат објавено отворени податоци на националниот Портал за отворени податоци**[2]. Во оваа насока мора да напоменеме дека националниот портал веќе некое време не е во функција што оневозможува поголем број на институции да ги пласираат своите отворени податоци на истиот и оневозможува граѓани, компании, новинари и истражувачи да пристапат до релевантни информации, да спроведуваат анализи и да развиваат иновативни решенија засновани на податоци.

Генералниот заклучок од Индексот на отвореност е дека просечната отвореност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во Северна Македонија порасна од 37% на 40%, но нивото и понатаму останува ниско. Најдобри резултати ЕЛС постигнуваат во областа транспарентност (49%), додека најслаби се во областа свесност (24%), што укажува на сериозни слабости во планирањето, програмирањето, мониторингот и евалуацијата на локалните политики. Степенот на отвореност не зависи од големината на ЕЛС, туку од посветеноста и иницијативата на локалната администрација, при што ЕЛС кои имаат менторска поддршка и добра волја постигнуваат значително подобри резултати.

Иако има позитивни примери како усвојување на внатрешни процедури за отвореност или унапредена финансиска транспарентност, голем дел од ЕЛС се ограничуваат на исполнување на минималните законски обврски. Чести се проблемите со недоволна функционалност на веб-страниците, непостоење или неажурирање на содржини на сите службени јазици, ретка објава на документи во отворен формат и недостапност на податоци за јавните (комунални) претпријатија и распределбата на јавни средства. Напредокот е забележлив, но потребен е системски пристап, континуирана едукација на администрацијата и поголемо партнерство со граѓаните за да се постигне вистинска отвореност и добро владеење на локално ниво.

ДЕЛ ОД ПРЕПОРАКИТЕ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Потребно е да се подготви единствен документ или подзаконски акт што ќе се однесува на сите ЕЛС и ќе ги содржи сите информации што ЕЛС треба да ги објавуваат на својата веб-страница, како и начинот на практикување на отвореност кон јавноста.
- Официјалната веб-страницата треба да биде основната алатка на ЕЛС за информирање на јавноста за работата на органите на ЕЛС, за услугите што ги обезбедува, вклучително и оние услуги што ги обезбедува преку јавните служби, како и за други информации и податоци што произлегуваат од надлежностите на ЕЛС.

[2] Портал за отворени податоци. Достапно на: https://data.gov.mk/

- Веб-страниците на ЕЛС треба да бидат развиени согласно националните и меѓународните препораки и стандарди, вклучително и стандардите што го олеснуваат пристапот до лица со попреченост.
- Веб-страницата треба да се ажурира по секоја направена промена на документ или акт, и по секој настан, состанок или слично, како и двапати годишно со проверка на сите објавени информации. Оттука, се појавува потреба од внатрешни процедури кои треба да ги подготват ЕЛС за постапување со цел навремено објавување на сите информации поврзани со остварувањето на нивните надлежности.
- Се препорачува во поголемите ЕЛС да се пилотира воспоставување на организациска единица што директно ќе биде одговорна за обезбедувањето услови за отворено управување, преку транспарентност и пристап до информации од јавен карактер.
- Потребно е што е можно повеќе податоци да се објавуваат во отворен формат, за што е неопходно податоците уште во текот на нивното создавање и систематизирање да бидат внесувани во формат којшто ќе овозможи нивно лесно објавување и користење (минимум табеларен приказ).
- Заради обезбедување активна транспарентност, ЕЛС на веб-страниците треба редовно да ги имаат објавено следните информации:
    - информации за организираноста на ЕЛС, односно, органограм, надлежности на ЕЛС, статутот на ЕЛС, листа на закони кои се однесуваат на надлежностите на ЕЛС, биографија на градоначалникот/чката, целосни списоци со позиции и контакти на сите вработени, службеници со контакт информации, информации за советниците, комисиите и работните тела на Советот;
    - платите и линк до анкетните листови на избраните и именувани функционери, како и надоместоци за советниците и правилник за исплата на патни и дневни трошоци за службени патувања за советниците и државните службеници;
    - деловниците на општинските совети, дневните редови за седниците, како и записниците и останатите информации поврзани со работата на Советот;
    - одлуките донесени од страна на градоначалникот/чката и советите на ЕЛС;
    - видео или аудиозаписи од седниците на Советот, како и нивно директно следење;
    - известувања за работата на Советот и на градоначалникот/чката преку навремено објавување на соопштенија;
    - информации за привремените вработувања, како и лицата ангажирани со договор на дело или авторски договор;
    - услугите што ги обезбедува ЕЛС;
    - информации за јавните претпријатија и установи што се формирани од страна на ЕЛС (удел на ЕЛС во јавните претпријатија, статут, управен и надзорен одбор, годишна односно завршна сметка, акти за употреба на остварени приходи и утврдување на цени за услуги, итн.);
    - предлог-буџетот заедно со граѓанскиот буџет, заради полесно разбирање од страна на граѓаните;

- буџетот веднаш по неговото усвојување, заедно со годишни финансиски планови и програми за реализација за буџетот;
- квартални и годишни извештаи за реализацијата на Буџетот од претходната година, завршни сметки, и информации за задолжувања;
- сите документи за јавните набавки (планови, повици, одлуки, договори и анекси, годишни извештаи) со минимум врска до Единствениот електронски портал за јавни набавки до сите јавни набавки на конкретната ЕЛС со детално објаснување;
- информации за постапките за јавни наддавања, концесии или јавно-приватни партнерства;
- податоци за финансирањето проекти или услуги од граѓански организации, за финансирањето фондации и спортски клубови (повици и одлуки за алоцирани средства);
- извештаи од Државниот завод за ревизија кои се однесуваат на локалната самоуправа;
- податоци за месните и урбани заедници заедно со имиња и контакти на претседателите.

СВЕСНОСТ

- Потребно е креирање и објавување на стратешките и програмските документи на ЕЛС кои содржат јасно дефинирани цели и резултати, со буџетски импликации и индикатори за мерење на резултатите (секторски општински стратегии, стратегии за развој или развојни планови со акциски план).
- Годишните програми за работа на ЕЛС и општинските совети со конкретни активности, рокови и буџетски импликации, треба да бидат јавно истакнати на веб-страниците на ЕЛС.
- Потребно е редовно креирање и објавување на годишни извештаи за работата на градоначалникот/чката, Советот и јавното комунално претпријатие што ќе дадат преглед за тоа што е реализирано во однос на планираните активности, со колку средства и во кои рокови за да може да се измери учинокот.
- Се препорачува користење на индикатори за успех при развивање на годишни програми и извештаи кои ќе овозможат мерење на успешност на програмите и детектирање на потенцијални предизвици.

ПРИСТАПНОСТ

- Податоците за службеното лице за слободен пристап до информации од јавен карактер, обрасците за поднесување барање, листата на информации од јавен карактер на ЕЛС, анонимизираните одговори на барања за слободен пристап, и информативните материјали за остварување на правото на пристап до информации

од јавен карактер, треба да бидат објавени на видливо место или означени со посебен банер.

- Податоците за одговорното лице за поддршка на лицата со попреченост во комуникацијата со локалната администрација треба да бидат јавно истакнати на веб-страницата на ЕЛС.
- Потребно е обезбедување на видлив пристап до е-услугите или обрасците за пристап до услуга со прецизно објаснување за начинот на обезбедување на услугата, како и тарифник за надоместоци за издавање акти.
- Се препорачува јавно истакнување на податоци за услови и критериуми за користење на социјални услуги и добивање парична помош на веб-страницата на ЕЛС.
- Потребно е сите ЕЛС да се посветат на редовно објавување на предлог и усвоените детални урбанистички планови.
- Се препорачува креирање, објавување и ажурирање на детални листи, регистри или катастри на:
  - катастар на животна средина,
  - доделени Б-интегрирани еколошки дозволи,
  - загадувачи, создавачи на бучава и создавачи на отпад,
  - лиценци за отпад,
  - собирни центри за електричен и електронски отпад,
  - превозници и моторни возила за превоз на патници и стока,
  - издадени одобренија за поставување времени објекти и урбана опрема,
  - поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти,
  - пазари, депонии, паркинзи, и индустриски зони,
  - детски градинки, основни и средни училишта,
  - домови за стари лица и заштитни установи,
  - спортски објекти и спортски клубови,
  - управители на згради,
  - граѓански организации на територија на ЕЛС, итн.

  доколку е применливо за територијата на која дејствува ЕЛС.
- Потребно е редовно да се објавуваат годишни извештаи за издадени одобренија за градба, извештаи за извршен инспекциски надзор.
- Потребно е јасно прецизирање на начинот на комуникација на ЕЛС, градоначалникот/чката и членовите на Советот со граѓаните и одржување на редовна двонасочна комуникација (отворени денови, канцеларии за контакт со граѓаните, по е-пошта, на телефон, преку електронска алатка на веб-страницата, социјални медиуми, информатор) и редовно навремено информирање на граѓаните за сите активности.
- Се препорачува овозможување на директен онлајн канал или електронската алатка за пријавување проблем со можност за двонасочна комуникација, како и јасни насоки за доставување претставки, жалби и поплаки.

- Се препорачува објавување на годишен календар за планирани консултации, како и редовно објавување на повици за учество на јавни консултации и расправи, и детални извештаи по направените консултации со коментари и одговори.
- Важно е сите ЕЛС почесто и поинклузивно да организираат форуми на заедницата и буџетски форуми, и редовно да објавуваат извештаи од нив, со цел поголема транспарентност и вклученост на граѓаните.

ИНТЕГРИТЕТ

- Се препорачува објавување на програмски документ што ќе ги идентификува ризиците од корупција и судирот на интереси и ќе предложи мерки и конкретни активности за нивно намалување.
- Се препорачува објавување на акт за ограничување на примањето подароци од страна на градоначалникот/чката, членовите на Советот и локалната администрација (сума и располагање, согласно закон).
- Сите ЕЛС треба да го објавуваат Етичкиот кодекс за локални функционери и за административни службеници.
- Се препорачува објавување на информации за спонзорства и донации од ЕЛС и кон ЕЛС, и регистар на примени подароци.
- Се препорачува креирање, ажурирање и објавување на евиденција на пријавени случаи на судир на интереси од страна на членовите на Советот или градоначалникот/чката, како и движен и недвижен имот на ЕЛС.
- Важно е да се воведе редовна практика на објавување на информации за конкурсите за вработување, пријавените кандидати, извршената селекција и одлуката за вработување на кандидатот со ранг листа со бодови за секој кандидат што конкурирал за позицијата.

Линк до целосната процена: https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/procena-na-dobroto-vladeenje-vo-edinicite-na-lokalnata-samouprava-vo-republika-severna-makedonija-preku-indeksot-na-otvorenost-merenje-za-2025-godina/ .

Оградување: Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија, кој го спроведуваат МЦМС, НИРАС и ФЦГ. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската Влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.